АКТУЕЛНА СОСТОЈБА ЗА ПОСТОЕЊЕ, ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ СО НАСИЛСТВО ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Истражување спроведено во петнаесет средни училишта во осум општини од Р.С.Македонија

Проектот е финансиран од Европската Унија

EU for YOU

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

La Strada International

open gate

Наслов на публикацијата:
Актуелна состојба за постоење, превенција и справување со насилство во средните училишта (Истражување спроведено во петнаесет средни училишта во осум општини од Р.С. Македонија)

Издавач на публикацијата:
Коалиција на младински организации СЕГА, јули 2019

Автор: Марија Нашоковска

Извршен Директор: Зоран Илиески

Дизајн: Мантикор ДООЕЛ

Тираж: 50 примероци

Бесплатен/некомерцијален примерок

Проектот „Препознај, превенирај и примени мерки против насилство" е имплементиран од Коалиција на младински организации СЕГА, а финансиран од програмата за доделување грантови на проектот „Стратешки партнерства за развивање на социјална агенда за промени: „Препознај, почитувај и остварувај права" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта

Проектот е финансиран од Европската Унија

ПРОЕКТ
„ПРЕПОЗНАЈ, ПРЕВЕНИРАЈ И ПРИМЕНИ МЕРКИ ПРОТИВ НАСИЛСТВО “

АНАЛИЗА:

АКТУЕЛНА СОСТОЈБА ЗА ПОСТОЕЊЕ, ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ СО НАСИЛСТВО ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

(Истражување спроведено во петнаесет средни училишта во осум општини од Р.С. Македонија)

ЈУЛИ 2019

ЗА СЕГА

Коалиција на младински организации СЕГА е национална платформа на младински организации активна во полето на лобирање за промени во младинските политики, посветена кон подржување на младинскиот активизам, подобрување на пристапот до информации и учеството на младите луѓе во активности за решавање на нивните проблеми. СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

ВИЗИЈА НА СЕГА

Младите делуваат на промените и развојот на Р. С. Македонија, учествуваат во донесување на одлуки на локално и национално ниво за прашања кои директно ги засегаат. Коалиција СЕГА како одржлива и развиена младинска коалиција овозможува младите да веруваат во себе, да ги остваруваат своите интереси, да креираат и да градат.

МИСИЈА НА СЕГА

Коалиција СЕГА работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивен личен и професионален развој во Р. С. Македонија.

СЕГА работи на зајакнување на капацитетите на младите луѓе и работи со локалната и централната власт да обезбеди успешна средина за младите. СЕГА соработува со меѓународни, национални, регионални и локални партнери со цел да спроведува проекти кои го подобруваат животот на младите луѓе.

Во своето петнаесет годишното работење СЕГА има изработено голем број на публикации, прирачници и мониторинг извештаи како и организирано голем број на семинари и обуки за подигнување на свеста за потребата од младинско учество како и застапување и лобирање за младинските потреби.

Коалиција СЕГА е формирана во 2004 година и во неа членуваат 27 организации (10 основни и 17 придружни членки). СЕГА е членка во Асоцијацијата на агенции за локална демократија (ALDA), CIVICUS и ЕУРОДЕСК мрежата.

БЛАГОДАРНОСТ на сите соработници што беа вклучени во процесот на реализација на ова истражување, особено на учениците и наставниците што одговорија на анкетниот прашалник и интервјуата.

Содржина

Вовед 6

Методологија на прибирање на податоците 7

Наоди од спроведеното истражување 8

Присуство на насилството во училиштата 9

Облици на насилство и причини за манифестирање на насилство 14

Мислења и перцепции на учениците за директна инволвираност во насилство – како насилник и како жртва 15

Заклучоци 18

Препораки 20

Прилози 22

Прилог 1. Листа на училишта вклучени во истражувањето 23

Прилог 2. Прашалник за учениците 24

Прилог 3. Насоки за спроведување на интервјуа со претставниците на училиштата 28

Вовед

Оваа анализа е дел од проектот „Препознај, превенирај и примени мерки против насилство“ кој го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА. Специфична цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на државните и локалните институции за адресирање, превенција и справување со насилство во образовните институции. Целта на оваа анализа е да даде приказ на моменталната состојба со насилството во средните училишта од аспект на застапеност на различните видови на насилство, механизми за превенција и справување со насилството во средните училишта, како и препораки за мерки кои во иднина би придонеле за намалување/елиминирање на насилството во средните училишта. Наодите од истражувањето т.е. заклучоците и препораките треба да влијаат на релевантните институции истите да ги прифатат и признаат како релевантни за спроведување на идни активности и мерки.

Методологија на прибирање на податоците

Со цел да се добијат релевантни податоци и информации за моменталната состојба со насилството беа идентификувани две целни групи од средните училиштата вклучени во проектот: ученици и претставници од стручна служба и професори. Истражувањето се спроведе во 15 средни училишта од 8 општини во Р.С.Македонија и тоа: Битола – СОТУ Ѓорѓи Наумов и СОУ Таки Даскало; Кичево – СОУ Мирко Милески; Охрид – СОСУ Свети Кирил и Методиј; Прилеп – СОЕПТУ Кузман Јосифовски-Питу, СОУ Гимназија Мирче Ацев, СОУ Орде Чопела, СОУ Ристе Ристески-Ричко, СОУ Ѓорче Петров; Штип – СМУ Сергеј Михајлов и СОУ Славчо Стојменски; Струга – СОУ Гимназија Д-р Ибрахим Темо; Струмица – СОУ Јане Сандански; и, Кавадарци – СОУ Гимназија Добри Даскалов и СОЗШУ Ѓорче Петров.

Прибирањето на податоците од учениците е преку однапред подготвен прашалник, кој содржи 23 прашања, вклучително и прашањата за демографски податоци. Најголем дел од прашањата во прашалникот се од затворен тип т.е. на ученикот му се дава можност да одбере еден или повеќе одговори од понудените опции, но во исто време има и слобода да додаде свој одговор и истиот да го образложи.

Теренското истражување е спроведено со ангажман на теренски анкетари во секој од градовите за кои претходно се подготвени насоки за спроведување на анкетата и кои беа обучени за спроведување на прашалникот во секое од училиштата.

Примерокот на ученици кои учествуваа во истражувањето е намерен, односно селектирани се по 100 ученици од секое од 15те училишта при што како критериуми се зедоа во предвид: родовата застапеност, возрасната застапеност и етничката застапеност според структурата на ученици во секое од училиштата.

Прибраните анкети се внесени и обработени во статистичката програма SPSS и во Excel.

Прибирањето на податоците од втората целна група – претставници на стручните служби и наставничкиот кадар е направено преку директни полу-структурирани интервјуа со испитаниците. Од секое вклучено училиште интервјуирани се по двајца претставници. Податоците од интервјуата се обработени во програмата Excel.

Наоди од спроведеното истражување

Наодите од спроведената анкета со учениците во средните училишта каде се спроведуваат активностите во рамките на проектот во осумте општини во Република Северна Македонија (РСМ) може да се групираат во три категории:

1. Перцепции на учениците за состојбата со насилството во училиштето како сведоци на случаи на насилство
2. Директно учество на учениците во случаи на насилство како жртва или како насилник
3. Механизми за пријавување на насилство во училиштето и намалување на насилството во училиштата

Дополнително, преку интервјуата спроведени со претставници на училиштата добиени се наоди за состојбата со насилството во училиштето и механизмите за справување од гледна точка на образовниот кадар и педагошко-психолошката служба во училиштата.

Демографска структура на испитаниците вклучени во анкетата и интервјуата

Во истражувањето беа вклучени петнаесет средни училишта во осум општини во РСМ. Со анкетниот прашалник беа опфатени вкупно 1.471 ученик, додека со интервјуата беа опфатени 30 претставници на вклучените училишта (психолошко-педагошка служба и професори). Според пол, 52% од испитаниците ученици се женски. Најголем број ученици се анкетирани во Прилеп – 500 или една третина од испитаниците. Но, во исто време најголем број на училишта – пет од вкупно 15 вклучени во проектот се лоцирани во Прилеп.

Возраста на учениците опфатени со истражувањето се движи од 14 до 18 години, со тоа што најзастапени возрасни групи се ученици на возраст од 15, 16 и 17 години или 79% од вкупниот број на испитаници припаѓаат во овие три возрасни групи. Испитаниците доаѓаат од различни етнички групи, со тоа што најзастапени се Македонците со 84%, што пак соодветствува на застапеноста на етничките заедници во самите училишта. Повеќе детали за демографските податоци на учениците вклучени во анкетата според различни димензии се презентирани подолу во Табела 1 и Графкон 1.



Графикон 1:
Демографски податоци на учениците вклучени во анкетата според пол и возраст

Во интервјуата со претставници на училиштата учествуваа 24 жени и 6 мажи на возраст од 26 до 61 година. Најголем број од интервјуираните се претставници на стручните служби во училиштата (педагози/психолози).

		Локација								Вкупно
		Прилеп	Битола	Охрид	Струга	Кичево	Кавадарци	Штип	Струмица	
Пол	Машки	205	106	31	40	47	89	82	51	651
	Женски	277	84	68	58	48	105	79	47	766
	Не одговорил	18	10	1	2	5	6	10	2	54
Вкупно		500	200	100	100	100	200	171	100	1471

Табела 1:
Демографски податоци на учениците вклучени во анкетата според пол и локација

Присуство на насилството во училиштата



Графикон 2:
Перцепции за фреквенција на насилството во училиштата

За 70% од испитаниците, насилството во нивните училишта е присутно понекогаш, додека само 11% сметаат дека насилството е често во нивното училиште.

За 18% од испитаниците, насилство никогаш не се случило во нивното училиште. Ниту еден претставник на училиштата кои беа интервјуирани не изјавил дека насилството често е присутно во нивното училиште. Во најголем број, 20 од 30 интервјуирани претставници на училиштата изјавиле дека насилството е многу ретко застапено во нивните училишта. Според претставниците на училиштата, во последните години состојбата со насилството во училиштата е малку подобрена, пред се заради воведување на поголем број активности за превенција од насилство како од самото училиште, така и преку разни проекти во кои е вклучено училиштето. Сепак, нивниот заклучок е дека е неопходна континуирана работа и со учениците, и со наставничкиот кадар, но и и со родителите за елиминирање на насилството од училиштата.



Графикон 3:
Перцепции за насилници и жртви според пол

Мислењата се поделени во однос на тоа кој практикува повеќе насилство – момчињата или девојките.

44% од испитаниците сметаат дека и момчињата и девојките подеднакво практикуваат насилство во училиштата, додека 41% сметаат дека момчињата повеќе практикуваат насилство.

Секоја втора анкетирана девојка смета дека и момчињата и девојчињата подеднакво практикуваат насилство во училиштата. Кога пак станува збор за најчестите жртви на насилство,

55% од испитаниците сметаат дека и момчињата и девојките подеднакво се жртви на насилство.

Во оваа група на испитаници, девојките во поголем број сметаат дека и двата пола подеднакво се жртви на насилство.

Сведоци на насилство во училиштето во текот на оваа учебна година биле 39% од испитаниците.

По градови, учениците од Охрид и Кавадарци во најголем број биле сведоци на насилство во училиштето (57% во Охрид и 49% во Кавадарци).

Од друга страна, 19 претставници на училиштата биле сведоци на насилство во училиштето.

Учениците најмногу биле сведоци на вербално и социјално насилство т.е. 35% од испитаниците ги избрале овие два вида на насилство, додека на трето место е физичкото насилство.

Треба да се земе во предвид и фактот дека 12% од испитаниците не одговориле на ова прашање. Географската дистрибуција на сведоци на определен вид на насилство е скоро иста т.е. нема значајни разлики по градови што би укажало на подоминантно присуство на определен вид на насилство во определен град. Наодот дека само 7% од испитаниците биле сведоци на интернет насилство, кое во последните години е се позастапено, покажува дека веројатно интернет насилството повеќе се спроведува еден на еден преку лични пораки, па оттука е намалена можноста за поголем број на сведоци на овој вид на насилство.
И според претставниците на училиштата, вербалното насилство е најзастапено во училиштата. Но, исто така се забележува и социјално насилство и насилство на интернет. Физичкото насилство е најмалку застапено во училиштата и според изјавите на интервјуираните тоа пред сè се должи на континуираните активности за превенција од насилство со што свеста на овие генерации на ученици е на повисоко ниво од претходните години.



Графикон 4:
Број на ученици кои биле сведоци на одреден вид на насилство во училиштето

Кога станува збор за локацијата каде се случуваат најголем број од случаите на насилство, според испитаниците истите се случуваат надвор од училиштето т.е. на улица и во училишниот ходник.

На трето место е училишниот двор. Ако се погледнат наодите според градовите од каде се испитаниците, во сите градови овие три локации се меѓу најзастапените. Сепак, има одредена разлика за тоа која од трите локации е најзастапена. На пример, во Прилеп, тоа е надвор од училиштето, во Битола е училишниот двор, додека пак во Охрид и Кичево, најголем број од случаите на насилство се случуваат во училишниот ходник.

Испитаниците се поделени во однос на нивното однесување и реакција во случаите кога биле сведоци на насилство.

Скоро половина од испитаниците (47%) биле пасивни т.е. ништо не направиле.

Според нивните одговори, еден помал дел само гледале (16%), додека 37% исто само гледале, но според нив не било нивна работа да се мешаат бидејќи не биле лично засегнати. Од друга страна, 38% од испитаниците покажале проактивност, од кои 11% го пријавиле насилството, а 27% пробале да интервенираат помеѓу инволвираните страни.

Дополнително, учениците беа прашани хипотетички дали би пријавиле насилство што го забележале во училиштето.

39% од испитаниците изјавиле дека секогаш би пријавиле насилство, што е за 28% повеќе од испитаниците кои изјавиле дека како сведоци го пријавиле насилството во реалноста (11%).

Споредбената анализа покажува дека 23% од испитаниците кои претходно изјавиле дека како сведоци на насилство не треба да се мешаат бидејќи не ги засега и 26% од испитаниците кои како сведоци ништо не направиле, во хипотетичка ситуација секогаш би пријавиле насилство.

Како се однесуваше ти, ако си бил/а сведок на насилство во твоето училиште во текот на оваа учебна година?

Графикон 5:
Процент на испитаници кои биле пасивни или активни како сведоци на случај на насилство

Многу веројатно дека на учениците им недостига храброст и самодоверба да преземат нешто во случај на насилство иако и самите се свесни дека нешто треба да направат.

Малку поразлична е состојбата кога станува збор за интервенирање во случај на насилство во ситуација кога ученикот е сведок и во хипотетички случај на сведоштво. Додека во реална ситуација 407 испитаници пробале да интервенираат, во хипотетички случај тој број е скоро преполовен – само 220 ученици би интервенирале. Овој наод покажува дека иако при разумно размислување што би направиле во случај на насилство, повеќето би избрале да го пријават насилството. Во случај кога навистина се сведоци на насилство, учениците попрво би избрале да интервенираат за да се спречи насилството, отколку да го пријават имајќи во предвид што е поприоритетно во дадената ситуација (да се спречи насилството и да се намали штетата или да се остави насилството да се случи со непредвидливи последици и да се изгуби време во наоѓање на соодветно лице кај кое ќе се пријави насилството).

Кога станува збор за пријавување на насилството, 44% од испитаниците ќе се обратат кај класниот раководител, додека една четвртина од учениците насилството ќе го пријават кај стручните служби (педагог/психолог). Само 4% се изјасниле дека ќе го пријават кај член на семејството. Наодот покажува дека учениците знаат каде треба да го пријават насилството кое се случило во училиштето иако реакцијата на надлежните не е секогаш адекватна и навремена.

За 45% од испитаниците, реакцијата на надлежните би требало да биде многу побрза и посоодветна. Само 23% од учениците се задоволни од инволвираноста и интервенцијата на надлежните во училиштето.

Од друга страна, според претставниците на училиштата, при секое забележано насилство веднаш се интервенира и во зависност од ситуацијата се вклучуваат

Дали според тебе, реакцијата на надлежните во училиштето кон насилството е адекватна и навремена?



Графикон 6:
Задоволство на учениците од инволвираноста и интервенцијата на надлежните во училиштата

На кого би се обратил/а за помош ако си жртва на насилство во училиштето?



Графикон 7:
На кого се обраќаат учениците кога се жртви на насилство

сите засегнати страни како што се родители, класни раководители, па дури и Центарот за социјални работи ако за тоа има потреба. Сите случаи на насилство се споделуваат со колегите и се преземаат определени педагошки мерки кои се предвидени со правилниците на училиштата.

Сите училишта вклучени во истражувањето имаат правилник во кој се дефинирани педагошките мерки кои може да се преземат во случај на учество во насилство. Истите се движат во распон од укор, преку писмена опомена од класен раководител, наставнички совет и директор, до опомена пред исклучување и како најдрастична мерка исклучување од училиште. Најчесто применувана мерка е писмена опомена од класен раководител и намалување на поведение. Меѓутоа ова се мерки кои се дефинирани за сите облици на непочитување на куќниот ред на училиштето, не само во случаи на насилство.

Ситуацијата е малку поразлична во однос на пријавувањето во случај кога ученикот е жртва на насилство.

Една третина од учениците (34%) во таков случај за помош би се обратиле кај своите родители. Една четвртина пак би побарале помош од стручната служба во училиштето.

Овој наод покажува дека кога учениците лично се чувствуваат загрозени или се нападнати, најголема доверба имаат во своите родители и тие се првата опција за барање на помош и поддршка. Ова исто така може да биде поврзано и со делумното задоволство на учениците од реакцијата на надлежните во училиштата во случаи на пријавено насилство иако сите претставници на училиштата изјавиле дека во училиштето има утврден протокол за тоа како се постапува во случај на насилство, кои педагошки мерки стојат на располагање и кога се користат. Една од причините зошто учениците во случај кога се жртва на насилство најнапред се обраќаат кај своите родители може да биде недоволната информираност за механизмите за пријавување на насилство како што изјавија

поголем број на претставници на училиштата. Според нив, учениците се информираат со механизмите на почетокот на секоја учебна година, но тоа е недоволно. Според нив, на класните часови треба многу почесто да се разговара и дискутира како за механизмите за пријавување, така и за превенција на насилство помеѓу учениците.

Облици на насилство и причини за манифестирање на насилство

Оговарањето и ширењето на лаги за некого (48%), како и исмејувањето и омаловажувањето на некого (45%) се најзастапени облици на насилство според учениците.

И двата облици припаѓаат во групата на вербално и социјално насилство кои според испитаниците се најдоминантни во нивните училишта. Девојките во многу поголем број (60%) наспроти момчињата (35%) го избрале оговарањето и ширењето лаги за некого како еден од облиците на насилство кој често е присутен во нивното училиште.

Кога станува збор за најчестите причини за насилство во училиштата, според испитаниците, најчеста причина за насилство во училиштето, е докажување на сила (66%), по што следат љубомората и покажување на доминантност пред другите.

Докажувањето на сила како најчеста причина за насилство ја избрале 70% од девојките и 62% од момчињата што покажува дека перцепцијата е слична според пол. Не постои значајна разлика според географската локација во изборот на оваа причина како најчеста за насилството во училиштата. Половина од девојките испитаници ја избрале љубомората како една од трите најчести причини за насилство, додека 38% од момчињата сметаат дека љубомората е една од најчестите причини за насилство во училиштата. Една четвртина од учениците го избрале проблематичното однесување како една од причините за насилство во училиштата.

Табела 2:
Облици на насилство според фреквенција на појавување во училиштето

Облик на насилство	Фреквенција-Често
Удирање, кубење, клоцање	289
Одземање и уништување на предмети	220
Исмејување и омаловажување	665
Оговарање и ширење лаги за некого	712
Праќање на вознемирувачки и навредливи содржини	208
Исклучување од група (игнорирање)	396

Табела 3:
Трите најчести причини за насилство во училиштето

Причина за насилство	Број на испитаници	Во %
Докажување на сила	971	66%
Љубомора	647	43%
Покажување доминантност над другите	599	40%

Според претставниците на училиштето, најзастапени фактори кои влијаат на насилното однесување на учениците се проблематично семејство на ученикот, лошото влијание на медиумите и системот на вредности и општата состојба во државата.

Табела 4:
Број на жртви на насилство во тековната учебна година според вид на насилство

Вид на насилство	Број на испитаници
Физичко насилство	99
Вербално насилство	145
Социјално насилство	60
Психолошко насилство	73
Онлајн/интернет насилство	39
Друго насилство	7
Не сум бил жртва на насилство	1086

Графикон 8:
Број на ученици кои учествувале во насилство како насилници според видови на насилство



Мислења и перцепции на учениците за директна инволвираност во насилство – како насилник и како жртва

Испитаниците имаа можност да се изјаснат дали некогаш биле инволвирани во насилство во училиштето, без разлика во каква улога – насилник или жртва, како и да изберат на кој вид (еден или повеќе) насилство биле подложени.

205 ученици (14%) се изјасниле дека биле жртва на вербално насилство во училиштето во минатото.

Во текот на тековната учебна година само 8% од испитаниците изјавиле дека биле жртва на некакво насилство. Споредбената анализа покажува дека 3% од учениците кои некогаш биле жртва на вербално насилство, тоа го доживеале и во тековната учебна година. И во тековната учебна година, најголем број на ученици биле подложени на вербално насилство – 9%, додека 73% од учениците изјавиле дека во текот на оваа учебна година не биле жртви на насилство во училиштето.

Освен на вербално насилство, во минатото учениците биле подложени и на физичко насилство (141 ученик) и на социјално насилство (126 ученици). Само 4% од испитаниците изјавиле дека биле жртва на онлајн/интернет насилство во минатото од кои 13 ученици онлајн/интернет насилството го доживеале во тековната учебна година.

Од друга страна, 11% од учениците биле учесници во малтретирање и злоставување на други ученици во училиштето. Споредбената анализа покажува дека 35 (2%) од учениците кои биле жртва на насилство во училиштето, имале улога и на насилници. Најголем број од учениците кои учествувале во насилство како насилници се изјасниле дека се работело за физичко насилство (9%).

Ако низ целото истражување, вербалното насилство беше најприсутно и најчесто споменувано од страна на учениците, овде за прв пат, физичкото насилство е повеќе застапено. Интересен наод е дека при изборот на вид на насилство во кои учениците биле вклучени како насилници се појавуваат

и одреден број на „прикриени насилници“. Овие испитаници иако изјавиле дека не учествувале како насилници во случаи на насилство во училиштето, одговориле на прашањето во каков тип на насилство биле вклучени за кое има јасни инструкции дека се одговара само доколку на претходното прашање одговориле со ДА. На пример во случајот со учество во физичко насилство како насилник, 41 ученик кои претходно изјавиле дека не биле насилници, изјавиле дека учествувале во физичко насилство. Ваквиот наод само потврдува дека бројот како на насилства, така и на насилници е сигурно поголем, но останува непријавен дури и во случаи кога се работи за анонимно истражување. Учениците се плашат искрено да одговараат на прашањата бидејќи сметаат дека може да бидат идентификувани и да ги сносат последиците насилството.

Учениците имаа можност да дадат и свое видување, мислење и препораки за мерките преку кои би се намалило и во крајна линија елиминирало насилството од училиштата.

Наодите покажуваат дека малку повеќе од половина од учениците (52%) сметаат дека построгото казнување на насилниците ќе помогне во намалување на насилството.

Исто така, скоро половина од испитаниците (49%) веруваат дека давањето помош и поддршка на учениците кои имаат проблеми во однесувањето значајно ќе придонесе за намалување на насилството.

Споредбената анализа покажува дека половината од учениците кои сметаат дека построгото казнување ќе придонесе за намалување на насилството, во исто време се убедени дека ако казната се комбинира со давање на соодветна помош и поддршка на насилниците ефектот во намалувањето на насилството ќе биде поголем. Овој наод покажува дека учениците се свесни дека само казнувањето нема да ги даде посакуваните резултати, туку дека мора да се работи со проблематичните соученици за да им се помогне да не прибегнуваат кон

Мерки за намалување на насилство	Број на ученици	Број на претставници на училиштата
Построго да се казнуваат насилниците	764	16
Да се воведат превентивни програми за инклузија, толеранција, почитување	399	29
Да се воведат обуки за комуникациски вештини	367	27
Вклучување на родителите во превентивни активности за спречување на насилството	491	23
Воспоставување на тим за заштита од насилство	600	24
Да се воведат обуки за учениците, наставниците и родителите за препознавање на насилство	504	29
Давање помош и поддршка на учениците кои имаат проблеми во однесувањето	725	30
Воведување задолжително дежурство во училишните ходници и училишниот двор	638	23

Табела 5:
Механизми кои би имале ефект во намалувањето на насилството во училиштата

насилство. Дополнително, 43% од учениците сметаат дека воведувањето на дежурства во училишните ходници и училишниот двор значајно ќе придонесе во намалувањето на насилството во училиштето. Учениците најмалку веруваат дека воведувањето на обуки за комуникациски вештини би придонело за намалување на насилството во училиштето.

За претставниците на училиштето, најмногу ефект без исклучок би имала мерката давање помош и поддршка на учениците кои имаат проблеми во однесувањето, што е разбирливо заради едукативната и воспитната функција која ја имаат училиштата како образовни институции. Меѓутоа, според оваа група на испитаници не помалку важно е воведувањето на превентивни програми за инклузија, толеранција, почитување и обуки за препознавање на насилството за сите засегнати страни (ученици, наставници и родители). Родителите се важен чинител во намалувањето на насилството и истите не треба да бидат изоставени од активностите кои се спроведуваат во самите училишта.

Најефикасни начини за борба против насилството според претставниците на училиштата е подобра соработка помеѓу училиштата и родителите и развивање на вештините за ненасилна комуникација.

Училиштата имаат различни форми на програми за превенција од насилство, како и програми за работа со насилници и жртви на насилство. Меѓутоа, многу малку од тие програми се спроведува, особено работа и советување со насилниците и жртвите.
Без исклучок и учениците и претставниците на училиштата се едногласни дека се неопходни континуирани активности за да се намали и превенира насилството во училиштата. Класните часови според нив треба да се користат за дискусија околу насилството, но не и да бидат единствената форма.



Заклучоци

Од наодите од анализата на прибраните податоци преку анкетата со учениците и интервјуата со претставниците на училиштата може да се извлечат следните заклучоци:

- Иако анкетата меѓу учениците беше анонимна и нивната приватност беше загарантирана, сепак постои одредена доза на неискрени одговори особено во однос на прашањата кои го третираат проблемот со улогата на учениците како насилници. Овој наод произлезе преку споредбена и вкрстена анализа на прашањата кои го испитуваа учеството на учениците во насилство како насилници и видот на насилство во кој учествувале. Наодот покажува, дека дел од насилниците-ученици не сакаат ни при анонимно истражување искрено да одговорат веројатно од страв да не бидат идентификувани и казнети. Тоа пак дополнително покажува дека насилството е присутно во поголем обем од тој што го покажуваат наодите и налага многу поголем ангажман на училиштата и релевантните институции во идентификување, евидентирање и разрешување на случаите со насилство меѓу учениците.
- Освен во неколку случаи кои се нотирани погоре во наодите не постои значајна разлика во перцепциите за насилството кај испитаниците од различен пол, град или етничка припадност. Тоа покажува дека без разлика на демографската структура во училиштата по однос на пол, етничка припадност или географска локација на училиштата, перцепцијата за постоењето, формата и интензитетот на насилството е слично во сите вклучени училишта. Не постои ниту значајна разлика во перцепциите кои ги имаат учениците и вработените во училиштата за насилството, иако тенденцијата

на претставниците на училиштата е перцепција на насилството во поблага форма и обем од перцепцијата на анкетираните ученици.

- Најзастапен вид на насилство според наодите од истражувањето е вербалното насилство. Сепак, од одговорите на претставниците на училиштата се добива впечаток дека истото не се третира како „опасно" насилство кое може да се трансформира во друг вид на насилство и најчесто се перципира како поагресивна комуникација помеѓу учениците. Вербалното насилство треба да се третира со иста сериозност како и останатите видови на насилство заради потенцијалот истото да прерасне во друг вид на насилство, односно да е само почеток на еден конфликт од поголем обем, кој доколку во старт не се препознае и не се преземат мерки за негово запирање може да се прошири како по интензитет така и по обем на инволвираните страни.
- Иако интернет насилството е сé поприсутно во јавноста, во истражувањето не беше идентификувано меѓу најзастапените видови на насилство. Тоа може да се должи на начинот преку кој се практикува овој вид на насилство (преку електронски пораки во кои се инволвирани насилникот/насилниците и жртвата – освен во случаи кога тоа се одвива на социјалните мрежи) и каде можноста за сведоштво на ваков вид насилство е многу помала. Сепак, тоа не значи дека овој вид на насилство е помалку застапен во однос на другите.
- Учениците се информирани за механизмите за пријавување на насилство и според претставниците на училиштата таа информација се споделува на почетокот на секоја учебна година. Меѓутоа, училиштата не покажуваат интерес и иницијатива за континуирано промовирање на механизмите за пријавување на насилство преку градење на доверба за да учениците го пријавуваат насилството, без разлика дали се жртви на насилство или пак сведоци. Ова е особено видливо кај учениците кои биле жртва на насилство, бидејќи најголем дел од нив избрале прво да се обратат кај родителите во случај да се жртва на насилство иако претходно точно идентификувале кој е механизмот за пријавување на насилство.
- И учениците и претставниците на училиштата се свесни дека казнувањето како мерка нема да придонесе во намалување и елиминирање на насилството. Учениците поддржуваат построго казнување на насилниците, но скоро подеднакво веруваат дека давањето поддршка и помош на учениците кои имаат проблеми во однесувањето може да има голем ефект во намалувањето/елиминирањето на насилството во училиштата. Овој наод покажува дека учениците се свесни за различните мерки и механизми преку кои насилството може да се адресира.
- Наодите покажаа и дека информирањето на учениците за педагошките мерки во случај на насилство најчесто е споредно и оставено на класните раководители, односно на ист начин како и информирањето за препознавање, пријавување и превенирање на насилство. Постоењето и спроведување на програма која би придонела за намалување/елиминирање на насилството во континуитет во текот на целата училишна година е вистинска реткост во училиштата.





Препораки

Од заклучоците произлегуваат следниве препораки:

- Неопходно е училиштата поангажирано да им пристапат на воведување и промовирање на програми за препознавање, пријавување и превенција од насилство кои во континуитет ќе се спроведуваат како од страна на наставниците, така и од стручните служби во училиштата. Секако, тоа подразбира континуирано градење на капацитетите на вработените во училиштата за препознавање, идентификување и евидентирање на случаите на насилство. Вклучувањето на родителите и учениците во спроведувањето на ваквите програми е гаранција дека истите ќе бидат одржливи т.е. дека во континуитет ќе се развива свеста на сите засегнати страни за важноста од намалување и елиминирање на насилството во училиштата.
- Имајќи во предвид дека не постојат значајни разлики во перцепциите кои учениците ги имаат за насилство во училиштата без разлика на полот, етничката припадност и географската локација може да се развијат програми на ниво на општина кои со

одредени прилагодувања може да се спроведуваат во училиштата, наместо секое училиште да развива сопствена програма. Училиштата може да дадат свој придонес во содржината на ваквите програми со што би се зголемила разновидноста на активностите.

- Континуираната едукација за видовите на насилство да вклучува типови на вербално насилство со цел учениците, родителите и вработените во училиштата да знаат кои форми на насилство се вклучени во вербалното насилство. Од особена важност е да се зголеми нивото на информираност и знаење за вербалното насилство со цел истото да се адресира и превенира и да се третира со ист пристап и сериозност како и физичкото насилство на пример.
- Потребно е вклучување на активности за препознавање на интернет насилството во сите негови облици, од лични пораки до интернет насилство на социјалните мрежи за навремено реагирање во случај на појава на ваков тип на насилство.
- Поголема промоција на механизмите за пријавување на насилство, како и мерки за заштита на приватноста на пријавувачот на насилството без разлика дали се работи за сведок или жртва. Особено е важно да се споделуваат информации за разрешени случаи на насилство за да се зголеми довербата кај учениците за користење на механизмите за пријавување на случаите на насилство.
- Воведување на превентивни програми за борба против насилство, но и програми за работа со ученици (и родители) кои се учесници во насилство и како насилници и како жртви. Казнувањето не придонесува за промена во однесувањето на насилниците доколку со нив не се работи и на откривање на причините заради кои дошло до насилство. Стручните служби во училиштата би требало да бидат најактивни во спроведувањето на ваквите активности и по потреба да вклучуваат други релевантни институции како Центрите за социјална работа кога за тоа ќе има потреба.
- Иако низ препораките се споменуваат родителите добро е уште еднаш да се потенцира колку е важно тие да бидат вклучени во активностите поврзани со насилството во училиштата како важна алка во процесот на едукација на учениците.



ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Листа на училишта вклучени во истражувањето

1	СОТУ „Ѓорѓи Наумов“	Битола
2	СОУ „Таки Даскало“	Битола
3	СОУ „Мирко Милески“	Кичево
4	СОСУ „Свети Кирил и Методиј“	Охрид
5	СОЕПТУ „Кузман Јосифовски – Питу“	Прилеп
6	СОУ Гимназија „Мирче Ацев“	Прилеп
7	СОУ „Орде Чопела“	Прилеп
8	СОУ „Ристе Ристески – Ричко“	Прилеп
9	СОУ „Ѓорче Петров“	Прилеп
10	СМУ „Сергеј Михајлов“	Штип
11	ДСУ „Славчо Стојменски“	Штип
12	СОУ Гимназија „Ибрахим Темо“	Струга
13	СОУ „Јане Сандански“	Струмица
14	СОУ Гимназија „Добри Даскалов“	Кавадарци
15	СОУЗШУ „Ѓорче Петров“	Кавадарци

Прилог 2. Прашалник за учениците

Почитуван ученику/ученичке,

Пред тебе се наоѓа прашалник со кој сакаме да ја утврдиме актуелната состојба со насилство во училиштата. Анкетата е анонимна и никој нема да го знае твојот идентитет. Те молиме внимателно да ги читаш прашањата и да одговориш најискрено што можеш. Твоите одговори ќе ни бидат од голема помош да придонесеме за елиминирање на насилството во образовните институции и зголемување на безбедноста во училиштата.

Доколку некое од прашањата не е јасно, те молиме да се обратиш до анкетарот. Ти благодариме за одвоеното време.

Тимот на проектот Препознај, превенирај и примени мерки против насилство во училиштата

1. Дали си бил/а сведок на насилство во твоето училиште во текот на оваа учебна година?
   А. Да
   Б. Не

2. Кој облик на насилство си го видел/а во училиштето, меѓу врсниците во текот на оваа учебна година?
   А. Физичко насилство
   Б. Вербално насилство
   В. Социјално насилство (исклучување од група, оговарање)
   Г. Интернет насилство
   Д. Друг вид на насилство (наведи): ----------

3. На кое место во училиштето најчесто се случува насилството?
   А. Во училишниот двор
   Б. Во училница
   В. Во училишниот ходник
   Г. Надвор од училишниот двор/на улица
   Д. На друго место (наведи): ----------

4. Како се однесуваше ти, ако си бил/а сведок на насилство во твоето училиште во текот на оваа учебна година?
   А. Ништо не направив, само гледав
   Б. Го пријавив насилството
   В. Пробав да интервенирам
   Г. Не ме засега, не треба да се мешам
   Д. Друго (наведи): ----------

5. За секој облик на насилство наведен во табелата избери колку често се случува меѓу врсниците во твоето училиште:

		Често	Ретко	Никогаш
А.	Удирање, кубење, клоцање	☐	☐	☐
Б.	Одземање и уништување на предмети	☐	☐	☐
В.	Исмејување и омаловажување	☐	☐	☐
Г.	Оговарање и ширење лаги за некого	☐	☐	☐

Д.	Праќање на вознемирувачки и навредливи содржини	☐	☐	☐
Ѓ.	Исклучување од група (игнорирање)	☐	☐	☐
Е.	Друго: (наведи) ----------	☐	☐	☐

6. Според тебе, кои се трите најчести причини за насилство во училиштето?
   А. Вродена агресивност на насилниците
   Б. Освета
   В. Докажување на сила
   Г. Самопотврдување
   Д. Проблеми во однесувањето
   Ѓ. Користење на опојни дроги и психотропни супстанции
   Е. Групирање поради одредена идеологија
   Ж. Покажување на економска моќ
   З. Покажување на доминантност пред другите
   S. Љубомора
   И. Друго (наведи): ----------

7. Насилството во твоето училиште е присутно:
   А. Често
   Б. Понекогаш
   В. Никогаш

8. Кој повеќе практикува насилството во училиштето?
   А. Момчињата повеќе практикуваат насилство
   Б. Девојчињата повеќе практикуваат насилство
   В. И момчињата и девојчињата подеднакво практикуваат насилство

9. Кој најчесто е жртва на насилство во училиштето?
   А. Момчињата
   Б. Девојчињата
   В. Подеднакво и момчињата и девојчињата

10. Дали би пријавил/а насилство што си го забележал/а дека се случува во училиштето?
    А. Да, секогаш
    Б. Не, би пробал/а да интервенирам
    В. Не, ако ми е другар/другарка
    Г. Не, не сум кодош
    Д. Не, ако не сум вмешан
    Ѓ. Не, никогаш
    Е. Друго (наведи): ----------

11. На кого треба да го пријавиш насилството во училиштето?
    А. Класниот раководител
    Б. Педагогот
    В. Директорот
    Г. Близок наставник

Д. Член на семејството (родител, брат, сестра)
Ѓ. Друго (наведи): ----------

12. Дали некогаш си бил/а жртва на малтретирање или злоставување во училиштето, во текот на твоето школување?(заокружи се што мислиш дека е релевантно)
А. Да, на физичко насилство
Б. Да, на вербално насилство
В. Да, на социјално насилство (исклучување од група, игнорирање)
Г. Да, на психолошко насилство
Д. Да, на онлајн/интернет насилство
Ѓ. Да, на друго насилство (наведи): ----------
Е. Не, не сум бил/а жртва

13. Дали си бил/а жртва на малтретирање или злоставување во училиштето, во текот на оваа учебна година?
А. Да
Б. Не

14. На каков облик на насилство си бил/а жртва во училиштето, во текот на оваа учебна година? (заокружи се што е релевантно)
А. Физичко насилство
Б. Вербално насилство
В. Социјално насилство
Г. Психолошко насилство
Д. Онлајн/интернет насилство
Ѓ. Друго насилство (наведи): ----------
Д. Не сум бил жртва на насилство

15. На кого би се обратил/а за помош ако си жртва на насилство во училиштето?
А. На родителите
Б. На педагогот
В. На наставниците
Г. На другар/ка
Д. Друго (наведи): ----------

16. Дали си бил/а била учесник во малтретирање и злоставување на други ученици во твоето училиште?
А. Да
Б. Не

17. Ако на претходното прашање си одговорил/а ДА, во какво насилство си учествувал/а?
А. Физичко насилство
Б. Вербално насилство
В. Социјално насилство (исклучување од група, игнорирање)
Г. Психолошко насилство
Д. Интернет насилство
Ѓ. Друго (наведи): ----------

18. Дали според тебе, реакцијата на надлежните во училиштето кон насилството е адекватна и навремена?
    А. Да
    Б. Не
    В. Делумно

19. За секоја од понудените мерки во табелата за намалување на насилството, одбери каков би бил ефектот во твоето училиште:

		Без ефект	Минимален ефект	Ќе има ефект
А.	Построго да се казнуваат насилниците	☐	☐	☐
Б.	Да се воведат превентивни програми за инклузија, толеранција, почитување	☐	☐	☐
В.	Да се воведат обуки за комуникациски вештини	☐	☐	☐
Г.	Вклучување на родителите во превентивни активности за спречување на насилството	☐	☐	☐
Д.	Воспоставување на тим за заштита од насилство	☐	☐	☐
Ѓ.	Да се воведат обуки за учениците, наставниците и родителите за препознавање на насилство	☐	☐	☐
Е.	Давање помош и поддршка на учениците кои имаат проблеми во однесувањето	☐	☐	☐
Ж.	Воведување задолжително дежурство во училишните ходници и училишниот двор	☐	☐	☐
Ѓ.	Друго: (наведи) ----------	☐	☐	☐

20. Што според тебе би требало да се направи за да се елиминира насилството од твоето училиште?

    ---

21. Пол:
    А. Машки
    Б. Женски

22. Колку години имаш? ----------

23. Етничка припадност:
    А. Македонец/Македонка
    Б. Албанец/Албанка
    В. Турчин/Турчинка
    Г. Ром/Ромка
    Д. Србин/Србинка
    Ѓ. Влав/Влаинка
    Е. Бошњак/Бошњачка
    Ж. Друго

Прилог 3. Насоки за спроведување на интервјуа со претставниците на училиштата

Прашалник за професорите и стручната служба во училиштата

Прашалникот за професорите и стручната служба во училиштата се состои од комбинација на прашања од отворен и затворен тип со цел да се добијат што подетални информации за насилството во училиштата. За прашањата од затворен тип, каде треба да се одбере еден или повеќе одговори од понудените, спроведувачот на интервјуто треба да има отпечатени картички со понудените одговори кои ќе му ги даде на испитаникот и неговите одговори ќе ги бележи во своите белешки. За прашањата од отворен тип, спроведувачот на интервјуто може да поставува дополнителни прашања со цел да добие повеќе информации. Интервјуто треба повеќе да личи на дискусија и да му се даде слобода на испитаникот да елаборира некои од своите одговори во повеќе детали со поставување на кратки дополнителни прашања.

Дел 1: **Демографски податоци**

Име на училиштето	
Пол на испитаникот	
Возраст на испитаникот	
Години на работно искуство во училиштето	

Дел 2: **Прашања**

Основни прашања	Дополнителни прашања
1. Според вас, колкава е застапеноста на насилството во образовните институции во нашата држава?	1.1. А каква е состојбата со насилството во вашето училиште? 1.2. Дали во вашето училиште е застапено насилството? 1.3. Колку често се соочувате со случаи на насилство во вашето училиште? Ретко, понекогаш, често? 1.4. Според вашето искуство, ако направите споредба на состојбата сега и пред 5 години дали ситуацијата со насилството е влошена, подобрена или на исто ниво? 1.5. Што придонесе за промените?
2. Кој облик на насилство најчесто се случува во вашето училиште?	А. Физичко насилство Б. Вербално насилство В. Социјално насилство (исклучување од група, оговарање) Г. Интернет насилство Д. Друг вид на насилство (наведи): ----------
3. Според вас, кои се факторите кои влијаат на насилното однесување на учениците?	А. Проблематично семејство Б. Системот на вредности и општата ситуација во Македонија В. Генетска предодреденост Г. Лошо влијание на медиумите Д. Лошо влијание на врсниците Ѓ. Несоодветно реагирање на училиштата на насилството Е. Несоодветни програми и методи во наставата Ж. Лоши меѓучовечки односи во училиштето

4. Дали сте биле сведок на случај на насилство во вашето училиште?	4.1. Ако ДА, како постапивте? 4.2. Ако НЕ! Дали другите колеги споделуваат искуства за нивно постапување во случај на нивно присуство при насилство?
5. Колку училиштето може до помогне во спречување на насилството во самото училиште?	5.1. Дали во училиштето се разговара за насилството како проблем со кој се соочувате? 5.2. Дали во вашето училиште има програма за работа со жртви на насилство во училиштето? 5.3. А дали има програма за работа со насилниците во училиштето?
6. Дали вашето училиште има донесено Правилник за наградување и изрекување на педагошки мерки?	6.1 Кои мерки се предвидени во Правилникот во делот за изрекување на педагошки мерки? (во делот на мерки за непочитување на куќниот ред на училиштето, како на пример укор, усмена опомена, писмена опомена до префрлување на ученик во друго одделение/училиште) 6.2 Која од овие мерки сте ја примениле во вашето работно искуство досега заради непочитување на куќниот ред на училиштето? 6.3 Според вас, која педагошка мерка најчесто се користи во вашето училиште заради непочитување на куќниот ред на училиштето? 6.4. Како треба да се постапи со насилниците?
7 Колку учениците во вашето училиште се информирани за насилството?	7.1 Колку учениците се информирани за педагошките мерки кои може да се преземат зараду учество во насилство во училиштето?
8 Кои се најефикасните начини за борба против насилството во училиштето?	А. Подобра соработка на училиштата и родителите Б. Развивање на вештини за ненасилна комуникација В. Поголем ангажман на психологот и педагогот во училиштето Г. Поприципиелно казнување на насилникот Д. Поинтересни воншколски активности Ѓ. Подобра соработка на наставниците и учениците Е. Поголем надзор над учениците Ж. Поинтересни методи на настава

			Без ефект	Минимален ефект	Ќе има ефект
9 Каков ефект би имале следните мерки за намалување на насилството во вашето училиште:	А.	Построго да се казнуваат насилниците	☐	☐	☐
	Б.	Да се воведат превентивни програми за инклузија, толеранција, почитување	☐	☐	☐
	В.	Да се воведат обуки за	☐	☐	☐

		комуникациски вештини			
	Г.	Вклучување на родителите во превентивни активности за спречување на насилството	☐	☐	☐
	Д.	Воспоставување на тим за заштита од насилство	☐	☐	☐
	Ѓ.	Да се воведат обуки за учениците, наставниците и родителите за препознавање на насилство	☐	☐	☐
	Е.	Давање помош и поддршка на учениците кои имаат проблеми во однесувањето	☐	☐	☐
	Ж.	Воведување задолжително дежурство во училишните ходници и училишниот двор	☐	☐	☐
	Ѓ.	Друго: (наведи) ----------	☐	☐	☐
10 Според вас што би требало да направи училиштето за поефикасно справување со проблемот на насилство?					

Оваа публикација е дел од проектот „Препознај, превенирај и примени мерки против насилство во училиштата“ е имплементиран од Коалиција на младински организации СЕГА, а финансиран од програмата за доделување грантови на проектот „Стратешки партнерства за развивање на социјална агенда за промени: „Препознај, почитувај и остварувај права" финансиран од ЕУ, а спроведуван од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта.
За содржината на оваа публикација целосно е одговорна Коалиција на младински организации СЕГА и во никој случај ги рефлектира ставовите на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

EU for YOU

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

La Strada INTERNATIONAL

open gate